ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови „Куманово план“ Куманово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакци се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- неправилности при пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие;
- несоодветен сметководствен третман на средствата добиени на трајно користење без надомест;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и правилно спроведен.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**

/

**Клучни препораки:**
- Доставување предлог до основачот за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените;
- државната поддршка добиена во средства да се евидентира според приходниот пристап, согласно МСФИ за МСЕ;
- донесување интерен акт за вршење на попис и спроведување на целосен попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на овластеното лице на ЈП „Куманово план“ Куманово добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 17-54/1 од 20.01.2022 година.

**Одговор на добиени забелешки**:
Забелешките се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на состојбите во извештајот, освен една забелешка која се прифаќа поради доставени дополнителни докази.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018